

March ‘13

# NEWSletter

Да се биде компетитивен на пазарот на знаење, подразбира да се вложува во квалитетно образование и да се искористи секоја можност за постојано надградување на своите знаења и усовршување на професионално ниво. Нашата цел е да понудиме светски пристап на едукација, кој ќе им овозможи на нашите студенти унапредување во бизнис окружувањето и подготвеност за иднината и промените кои ги очекуваат.

*Марија Никовска,*
*Директор на Академија за Менаџери*

Академија за Менаџери

The University Of Sheffield.

CITY College An International Faculty Of The University.

# 2013

## 4 ПРЕДАВАЊА

Почнувајќи од јануари 2013 година, па до сега, беа одржани вкупно 4 викенд-предавања, дел од програмите за постдипломски студии и специјализирани квалификации.

На **ПРВОТО** предавање чија тема беше Претприемништво: успешно лансирање и менаџирање на нови бизниси, учесниците имаа можност да се запознаат со претприемништвото и иновацијата како процес и стил на менаџментско работење и да научат како во новите бизниси можат да креираат здрави организациски системи, структури и култури. На ова предавање присуствуваа и 10 стипендисти на кои им беа доделени стипендии од Министерството за образование и наука на Република Македонија.



Акцентот на **ВТОРОТО** предавање - Пазарни стратегии за одржлив развој, беше ставен на изучување на процесот на планирање и контрола во маркетинг активностите и креирање свесност за неговата улога во компаниските рамки.

Темата на **ТРЕТОТО** предавање беше Стратешко менаџирање на човечки ресурси. Овој модул имаше за цел да го премости јазот помеѓу клучните области на организациско однесување и управување со човечките ресурси и фокусот во истиот беше ставен на целосно подобрување на стратешкото менаџирање со луѓе. Како дел од присутните на овој едукативен модул беа и претставници од Македонската Асоцијација за Човечки Ресурси, кои направија одлична интеракција со размена на искуства во полето на управување со човечки ресурси во Македонија.

На **ЧЕТВРТИОТ** модул се говореше за Менаџирање на бренд во време на промени. На учесниците кои беа дел од ова предавање им се пренесе значењето и важноста на брендовите, преку презентација за перцепцијата на брендовите кај потрошувачите и запознавање со алтернативни стратегии кои можат да бидат имплементирани од страна на компаниите со цел да управуваат правилно со своите брендови.











# Alumni
## Gathering Event

Под покровителство на Меѓународниот факултет на Универзитетот Шефилд, СИТИ Колеџ и во организација на Академија за Менаџери, на 1 март се одржа средба на Шефилд дипломци во бар ресторан Арабеска. Над 250 алумни менаџери од корпоративниот сектор од Македонија, како и Н.Е. Британскиот Амбасадор Кристофер Ивон, многубројни медиуми, раководството и истакнати професори од Меѓународниот Факултет на Универзитетот Шефилд, СИТИ Колеџ од Солун, Грција беа присутни на настанот. При нивната средба тие разменија дел од искуствата кои ги стекнале за време на студирањето на Универзитетот Шефилд и потенцираа дека ваквите средби се одличен начин за зајакнување на меѓусебните соработки, размена на практични знаења и искуства и секако развој на бизнис мрежата во Македонија и пошироко.












# WHAT



# IS NEXT?

## WORKSHOP

Одржување на работилница: Маркетинг на услужни дејности на 26-ти април, чија цел е подетално запознавање и претставување на нови модели и техники во маркетинг пристапот во услужните дејности. Ова едукативно предавање за услужниот маркетинг и негова примена во сегментот на туризмот, е еден од новите современи доктрини во градење на ефективни услужни дејности преку креативен маркетинг.




Како дел од поддршката што Академијата за Менаџери ја овозможува на перспективните кадри во Р. Македонија е и натпреварот на социјалните медиуми наречен “Најинтересна работна атмосфера” на Facebook страницата на Академија за Менаџери. Од корисниците се бара да одберат фотографија од нивната Најинтересна работна атмосфера и точно да одговорат на две прашања, а потоа да започнат со собирање на гласови. Апликацијата за натпреварот ќе биде отворена до 17 април, 2013 година. Линк за учество **тука**.



## Calendar

| | |
|---|---|
| **МАРТ 22-24** | **Анализа на финансиски извештаи** |
| **АПРИЛ 5-7** | **Е-бизнис и интернет маркетинг** |
| **АПРИЛ 19-21** | **Модерни финансиски пазари, институции и инструменти** |
| **МАЈ 10-12** | **Финансиски менаџмент** |
| **МАЈ 17-19** | **Технолошки и оперативен менаџмент** |

www.managersacademy.mk

